**Година 2005, април, број 38**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## НАГРАДА

Со особено задоволство Ве информираме дека одборот за доде-лување на наградата "Гоце Делчев" донесе одлука со која наградата "Гоце Делчев" за 2005 година се доделува на проф. д-р Владимир Дуковски и доц. д-р Глигорче Вртаноски за трудот "Примена на полимерните бетони во машинските конструкции".

Наградата се доделува за особено значајни остварувања од интерес за Република Македонија во областа на науката.

**Искрени честитки и желби за понатамошни успеси во кариерата!**

## ОСМИ ЕКСПЕРТСКИ ФОРУМ

На ден 21 и 22.04.2005 година во Ректоратот на УКИМ се оддржа 8-миот Експертски форум на тема "Предизвици и решенија за пост-приватизациската фаза во претпријатијата од ЦЕИ-регионот", во организација на МФС (координатор проф. д-р Делчо Јованоски), Министерството за економија на МК и Фондацијата Konrad Adenauer.

На форумот беа застапени макроекономски и микроекономски блок од предавања каде активно учество имаа еминентни експерти од земјата и странство, како Германија, Австрија, Норвешка, Италија, Јапо-нија, Романија, Бугарија и др. За менаџерите од приватниот и јавниот сектор од Македонија беше оддржана и тренинг сесија.

## МФС НА САЕМ<br>ОТВОРЕНА ВРАТА

МФС учествуваше на манифестацијата "Отворена врата" која се одржа од 19 до 23.04.2005 г. на Скопскиот саем. На саемот беше претставен факултетот со своите наставните програми, образовни и апликативни дејности.

## ПРЕЗЕНТАЦИИ НА ПРОЕКТИ

Во периодот 13-14.04.2005, МФС во соработка со Министерството за образование и наука организираше јавна презентација на резултатите за научно-истражувачките проекти финансирани во периодот 2001-2004, за кои се предадени завршните извештаи, со што се заокружи постапката на оценување на проектите:

- Развој и комплексни истражувања на машински структури со композитни материјали, проф. д-р Владимир Дуковски.
- Пресметка на преостанатиот работен век на интегралните цевководи кај термоелектричните централи, проф. д-р Гаврило Гавриловски.
- Инженеринг на површината во обработките со симнување на материјал, проф. д-р Миколај Кузиновски.
- Стереометриска идентификација на облиците и моделирање на објектите, вон. проф. д-р Ристо Ташевски.
- Градски смет како извор на енергија во Р. Македонија,проф. д-р Славе Арменски.
- Мехатронен приод кон синтеза на пнеуматски механизми од аспект на точност и брзина во остварување на сакана траекторија на работниот член, проф. д-р Иван Мицковски.
- Геометриска теорија на функциите и нејзина примена, доц. д-р Никола Тунески.

## КОНФЕРЕНЦИЈА

На ден 7 и 8.04.2005 во Скопје, во рамките на Европскиот Темпус проект "Centre for Assessment of Pressure Equipment (CAPE)", се оддржа дводневна меѓу-народна конференција под наслов: "Pressure equipment sector in Europe and national reflections in the Republic of Macedonia - Quality assurance and integrity assessment.. Конференцијата ја органи-зираше МФС (координатор проф. д-р Тодор Аџиев), а на неа учествуваа странски и домашни експерти,

Во Проектот, покрај МФС како локален координатор, учествуваат и следните институции од Европската Унија:

1. Fachhochschule Trier, Germany, Project co-ordinator.
2. TÜV Rheinland Köln, Germany.
3. SECTOR Cert Troisdorf, Germany.
4. ISQ, Lisbon, Portugal.

## ФУЛБРАЈТОВА КАНЦЕЛАРИЈА

На ден 01.04.2005 г. во просториите на новиот објект свечено се отвори фулбрајтовата канцеларија. Канцеларијата ја отвори PhD Michael Orlansky, Public Affairs Officer, US Embassy, Скопје, Република Македонија.

## ТЕРЕНСКА НАСТАВА

Студентите од шести и осми семестар, од насоките ММ и МВ под раководство на проф. д-р Славе Јакимовски на ден 31.03 и 01.04 2005 реализираа дводневна теренска настава во Србија. При тоа ја посетија фабриката Црвена застава во Крагуевац, Машинскиот Факултет во Белград и саемот за автомобили во Белград.

## INOVISION СЕМИНАР

ЕСТИЕМ локалната група од Скопје при МФС организираше семинар на тема: “Managing resistance of change”.

Покрај нашите студенти, учесници беа и 20-тина студенти од Универзитетот од Ајдховен, Истанбул, Анкара, Нови Сад и Битола.

## О Т С У С Т В А

1.Проф. д-р Александар Мојсовски и асс. м-р Филип Мојсовски, остварија патување во Р. Словенија во период од 30 03 до 03 04 2005 г.

2. Доц. д-р Вртаноски Глигорче, заради испитување на можностите за продолжување на поранешно воспос-тавена соработка со Техничкиот факултет на ден 5.4.2005 г, реализира патување во Софија, Р. Бугарија.

3. Проф. д-р Томислав Златановски оствари патување во Софија, Бугарија, од 10 до 17 04. 2005 г.

Цел на патувањето е именованиот во својство на визитинг професор да одржи часови настава по предметот механика на флуиди на германските инженерски студии и индустриски менаџмент при Техничкиот универзитет во Софија.

4. Проф. д-р Атанаско Тунески, на ден 1.4.2005 г, оствари посета на Аристотел Универзитетот во Солун со цел апликација за INTERREG програмата.

5. Доц. д-р Атанас Кочов заради учество со сопствен труд на Меѓународната конференција ICIT 2005 од 12-16 04 2005 оствари патување во Велење, Р. Словенија,.

6. Проф. д-р Јанко Јанчевски, заради учество со сопствен труд на Меѓународна конференција од 18-23.04. 2005 оствари службено патување во Порторож, Р. Словенија.

7. Доц. д-р Никола Тунески заради учество со сопствен труд на меѓународна конференција од 06 до 08.05.2005 оствари патувањето во Оточец, Словенија

**КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК**

**28.04.2005**
**7 СЕДНИЦА НА ННС**

**02 и 03.05.2005**
**НЕРАБОТНИ ДЕНОВИ ПО ПОВОД ДЕНОТ НА ТРУДОТ И ВЕЛИГДЕН**

**26.05.2005**
**8 СЕДНИЦА НА ННС**

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*

*Борис Рошков*